# ETHNIC CONFLICTS IN SERBIA UNDER THE SUPERVISION OF THE INTERNATIONAL COMMUNITY

**Emilija Stefanovska Davkova**
Faculty of Law ”Iustinianus I”, University “Ss. Cyril and Methodius”- Skopje, North Macedonia,
emmasteff1@yahoo.com

**Abstract:** Ethnic relations between Serbs and Albanians throughout their historical development were very complex and layered. Differences which caused conflicts and later tensions arose from different levels of economic development of the ethnicities that created a sense of inequality or marginalization of certain ethnicities within certain socio-political communities. It was also caused by the sociological characteristics of ethnic communities, lack of collective minority rights that reflect the status of the ethnic communities, lack of mechanisms to promote the rights of the minorities from political overvoting of the majority over the minority (majorization), lack of affirmative action, etc. Such questions often produce radical methods of solution and sometimes led to wars which were ended by the International Community represented by NATO , EU and USA.
The province of Kosovo and Metohija, with a significant Albanian population, remains a focal point for tensions and dialogue between these two ethnic groups. Efforts towards normalization of relations and regional stability are ongoing, in the post-war period, as a possible solution in terms of the ethnic reconciliation and coexistence in these countries, majority democracy was significantly replaced by consociational democracy as a form of political functioning that mostly protects the collective rights of the dominant ethnic groups in these countries, i.e. where the making of the most important state decisions is bound by the consensus of the dominant ethnic groups and their parity representation in the highest state institutions - the Government, the Parliament and the judiciary, but also locally.The effects of the decisions of the international factor are mostly positive - they are characterized by ending the hostilities, providing conditions for refugees who have emigrated abroad or internally displaced persons to return to their homes, rebuild their destroyed homes and return to their economic activities and any other normalization of their conditions. However, the main effort of the foreign factor was more aimed at ensuring the security of the region and the population, as well as the stability of the political institutions and less to ensure the effectiveness of their political systems, which will be their commitment in the future period. The international comunity mediates the proces of reconciliation between Serbia and Kosovo towards normalization between the relations of its ethnicities and finding cooperation between these countries that would be more beneficial for their progress than any other type and quality of their relation. The effectiveness of these efforts depends on the cooperation of the involved parties and the broader geopolitical context and it will be scientifically analyzed in this paper.
**Keywords:** Political system, human rights, ethnic relations, Serbia, minority rights, USA, NATO, EU, ethnic conflicts between serbs and albanians.

# ЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ ВО СРБИЈА ПОД ВЛИЈАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

**Емилија Стефановска Давкова**
Правен факултет „Јустинијан I“ УКИМ – Скопје, Северна Македонија, emmasteff1@yahoo.com

**Резиме**: Етничките односи меѓу Србите и Албанците во текот на нивниот историски развој беа многу сложени и слоевити. Разликите кои предизвикаа конфликти а подоцна и тензии произлегоа од различните нивоа на економски развој на етникумите што созде чувство на нееднаквост или маргинализирање на одредени етникуми во одредени општествено-политички заедници. Тоа беше предизвикано и од социолошките карактеристики на етничките заедници, недостатокот на колективни малцински права кои го одразуваат статусот на етничките заедници, недостатокот на механизми за унапредување на правата на малцинствата од политичко прегласување на мнозинството над малцинството (мајоризација), недостатокот на афирмативна акција итн. Ваквите прашања често произведуваат радикални начини на решеавање на состојбите, а понекогаш и довеуваа и до војни кои беа завршени од страна на Меѓународната заедница претставена од НАТО, ЕУ и САД.
Покраината Косово и Метохија, со значително албанско население, останува фокусна точка на тензиите, како и дијалогот меѓу овие две етнички групи. Напорите за нормализирање на односите и регионалната стабилност се во тек, во повоениот период, како можно решение во однос на смирување и нормализирање на

етничките конфликти за соживот во овие земји, со тоа што мнозинската демократија беше значително заменета со консоцијална демократија како форма на политичко функционирање што најмногу ги штити колективните права на доминантните етнички групи во овие земји, односно каде што носењето на најважните државни одлуки е обврзано со консензус на доминантните етнички групи и нивната паритетна застапеност во највисоките државни институции - Владата, Собранието и судството, но и локално. Ефектите од одлуките на меѓународниот фактор се претежно позитивни - се карактеризираат со завршување на непријателствата, обезбедување услови за бегалците кои емигрирале во странство или внатрешно раселените лица да се вратат во своите домови, да ги обноват своите уништени домови и да се вратат на своите економски активности и секое друго нормализирање на нивните состојби. Сепак, главниот напор на странскиот фактор беше повеќе насочен кон обезбедување на безбедноста на регионот и населението, како и стабилноста на политичките институции, а помалку да се обезбеди ефикасност на нивните политички системи, што ќе биде нивна заложба во следниот период. Меѓународната заедница посредува во процесот на смирување на тензиите меѓу Србија и Косово што би водело кон нормализација на односите на нејзините етникуми и изнаоѓање начин за соработка помеѓу овие земји што би било значително покорисно за нивниот напредок од кој било друг вид и квалитет на нивните односи. Ефектот на овие напори значително зависи од соработката на инволвираните страни и меѓународната заедница, како и поширокиот геополитички контекст што е цел на научна анализира во овој мој труд.

**Клучни зборови**: Политички систем, човекови права, етнички односи, Србија, малцински права, САД, НАТО, ЕУ, етнички конфликти меѓу Србите и Албанците.

## 1. ВОВЕД

Политичката и економската дезинтеграција на СФР Југославија во периодот 1991-1992 година очигледно имаше своја меѓуетничка димензија. Со распадот на Југославија не завршија сите етнички поделби и не беа разрешени сите етнички конфликти.

Овие разлики, кои предизвикуваа тензии, а подоцна и конфликти, произлегоа од различните нивоа на економски развој, образование, градска афилијација, недостатокот на колективна малцински права, надгласување на мнозинството над малцинството (мајоризација), дополнително, недостатокот на механизми за афирмативна акција резултираа со трајна дискриминација на малцинските етницитети и тоа на ниво на политика, образование, итн. Ваквите односи често имаат тенденција да произведат радикални начини на решение. Така, Западен Балкан се справи со меѓуетнички војни во кои интервенираше надворешниот фактор претставен од ЕУ, САД и НАТО што ги редефинира политичките системи на државите на поранешна СФРЈ после воспоставените мировни преговори, па затоа карактеристиките и функционалноста на овие политички системи се прашање на мој истражувачки интерес.

## 2. МЕТОДИ

Во овој труд претежно ќе се користат два методи:

- Историски метод - кој преку следење на историскиот развој на односите меѓу државите, историскиот развој на соживотот на етникумите и нивниот развој на нивните колективни права треба да ги лоцираат причините за современите состојби на меѓуетнички план;
- Компаративен метод - кој преку споредување на карактеристиките на меѓуетничките односи од минатото и современиот период меѓу овие земји, треба да обезбеди согледување на заедничките карактеристики на меѓуетничките услови што би го олеснило пронаоѓањето на решенија насочени кон подобрување на нивната состојба.

## 3. МЕЃУЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ ПОМЕЃУ СРБИТЕ И АЛБАНЦИТЕ

Во Косово, етнички чисто со српско население, по битката за Косово во 1389 година, победничките Турци Османлии почнаа да населуваат муслиманско население, турско и албанско, кое со текот на времето станало доминантно. Во сите политички и воени превирања во текот на 19ти и 20ти век, Албанците и Србите кои беа етнички и конфесионално различни заземаа спротивни страни и водеа војни едни против други (војни за време на источната криза 1876-1878, Првата Балканска војна 1912, Првата светска војна 1914-1918 година) (Кнаус 2003, стр.42-50)

Новата југословенска држава конституирана во 1919 година беше онаа каде што несловенското население беше намерно запоставено. Во меѓувоениот период (1918-1941) косовскиот регион беше од економско и воено значење за Србите и тие почнаа да го колонизираат. Албанците исто така не беа застапени во ниту една јавна функција или администрација. За време на Втората светска војна, поголемиот дел од територијата на Косово беше окупирана од Италијанците. Италијанците отворија училишта на албански јазик и ги внесоа

Албанците во администрација и војска. Сега словенските доселеници беа нападнати, донекаде убиени, а некои принудени да мигрираат (Томашевиќ 1975, стр. 116).
Во 1943 година и почетокот на 1944 година Албанците направија одредени напори да ги обединат сите области населени со Албанци вклучувајќи ги Албанија и Косово. Сепак, овие договори беа поништени со интервенција на југословенската комунистичка партија и особено силно противење на Маршал Тито. На крајот на војната Тито ја сфати својата тенденција да ги обнови предвоените југословенски граници. Албанците се почувствуваа изневерени во нивната тенденција да се обединат со Албанија, па во 1945 година кренаа бунт против партизаните, но тој беше задушен. После војната, Албанците веќе беа отуѓени (Вукмановиќ 1990, стр. 205-2010). Во 1946 година новиот Устав призна пет националности: Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци и Македонци, но не и Албанци. Овие пет националности го уживаа правото на заштита, културен развој и слободна употреба на нивните јазици. Овој Устав исто така ги определил и автономните покраини Војводина и Косово да бидат регулирани од Република Србија. Југословенското раководство застана на страната на Србите бидејќи тие најмногу придонесоа во војната. По расколот меѓу Југославија и СССР во 1948 година, Албанија го нападна Тито. Затоа, владата промовираше политика на „туркификација“ каде што многу Албанци почнаа да учат на турски и се регистрираа како Турци за да избегнат прогон. По војната, југословенските власти постепено отворија училишта на албански јазик и го поттикнаа двонеделното печатење на албански весник. Многу од албанското население биле неписмени, во 1948 година за прв пат се запишале албански деца.
Поголемиот дел од Албанците во 1950-тите и 1960-тите живееле во сурова сиромаштија и тоа резултирало со масовен егзил на Албанците во Турција.
Во 1966 година Тито го смени министерот за полиција Александар Ранкович кој беше многу строг кон Албанците во Косово. По ова националните права на Албанците се подобрија со цел Албанците да останат лојални на Југославија. Сепак, овој процес ги охрабри Косоварите да станат посвесни за своите национални права. Како резултат на овој бунт во 1968 година беа донесени нови уставни амандмани според кои Косово доби право да биде директно застапувано во југословенскиот парламент.
Во 1969 година српскиот парламент го усвои новиот Устав на Косово. Со него покраината доби свој Врховен суд и повеќе права кои беа зголемени со Уставот од 1974 година. Како резултат на големата недоверба меѓу албанското и словенското население започна нов егзодус во 1968 година, но овој пат Србите и Црногорците почнаа да се откажуваат Косово. До 1985 година, Албанците во Косово имаа подобра ситуација од кога било, тие беа политички подобро застапени во југословенскиот систем и нивната културна автономија беше многу висока. Но, тие немаа републички статус, со што се продлабочи меѓуетничкиот конфликт во Федерацијата.
Оваа ситуација создаде национализам во Србија, Црна Гора и Македонија кон албанскиот народ. Во Србија тоа го овозможи доаѓањето на власт на Слободан Милошевиќ. Тој беше националистички и конзервативен лидер, кој почна да го менува автономниот статус на Косово во 1987 година со тоа што најпрво,ги суспендира овластувањата на покраинската полиција и судството. Потоа дојде до укинувањето на автономијата на Косово со амандмани на Уставот на СР Србија во 1989 година. За сето ова беа организирани многу албански протести, но безуспешно. Федералната полиција наметна терор врз албанските државјани на Косово. Потоа, многу Албанци беа отпуштени од своите работни места. Како резултат на ова, Косовските Албанци почнаа да емигрираат кон западните земји и Албанија. Тоа доведе до групи на отпор во Косово и беше создадено сепаратистичко движење (Викерс 1998, стр. 297-303).
Кога се интензивираа конфликтите меѓу Србите и Албанците на Косово, Светската заедница се обиде да го реши проблемот со преговори. Мировните разговори доведоа до Договорот од Рамбује, на кој беше предложен мировен договор меѓу Сојузна Република Југославија и делегација што го претставува албанското мнозинско население на Косово, подготвен од НАТО. Преговорите требаше да доведат до консензус за суштинска автономија на Косово, вклучувајќи механизми за слободни и фер избори на демократските институции, заштита на човековите права и воспоставување фер судски систем, вклучувајќи ги и модалитетите на поканетите меѓународно цивилно и воено присуство во Косово. Србите веднаш ја отфрлија идејата за било каква дискусија за вмешаност на странски трупи со што НАТО го искористи како оправдување за започнување на војната во 1999. Србија беше воено поразена во 1999 година од страна на НАТО. Војната заврши со Кумановскиот договор, при што југословенските сили се согласија да се повлечат од Косово за да направат место за меѓународно присуство (Херинг 2000, стр.224-245).

## 4. ВЛИЈАНИЕТО НА МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАЗРЕШУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ

Како резултат на претходните случувања, беше донесена Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации на 10 јуни 1999 година, со која се овластуваше меѓународно цивилно и воено присуство на Косово (тогаш дел од Србија) и ја формираше Привремената административна мисија на
Обединетите нации на Косово (УНМИК). Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации го дизајнираше идниот аранжман во Косово во кој формално Косово е во тенка врска со Србија, но во суштина тоа е протекторат. Покрај тоа, како дел од управувањето со протекторатот, воената и полициската улога ја преземаат КФОР (Косовските сили), што е дел од НАТО и е задолжена за зачувување на мирот и безбедноста на Косово. УНМИК е основан за „да му помогне на Советот да постигне севкупна цел да обезбеди услови за мирен и нормален живот за сите жители на Косово и унапредување на регионалната стабилност на Западен Балкан.

УНМИК сè уште постои и денес, но неговите секојдневни функции се релативно незначителна откако Косово прогласи независност и го усвои новиот устав, кој следи по создавањето на Мисијата на Европската унија за владеење на правото на Косово - ЕУЛЕКС, која им помага и ги поддржува косовските власти во областа на владеењето на правото, особено во полицијата, судството и царинските области. Во рамките на протекторатот, тие го имаат Меѓународниот цивилен претставник за Косово (назначен од Советот на ЕУ), кој е пандан на Канцеларијата на високиот претставник во Босна и има право да донесе или оспори закон или друга регулатива донесена во косовските институции, а исто така тој имаше право да промени и високи јавни функционери. Оваа канцеларија беше активна до септември 2012 година.

Во 2007 година беше усвоен планот на Марти Ахтисари, кој го одразува косовскиот устав. Планот ја потврдува формата на протекторатот кој дополнително ја воведува КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА во органите на власта на Косово. Република Косово ја прогласи својата независност од Србија во 2008 година и беше прифатена од многу земји, со исклучок на Србија, Русија и Кина. Според Уставот, во Косово се воведуваат форми на консоцијална демократија - загарантирани места за Србите и сите други малцинства, во сите сфери на државната власт - законодавна, извршна и судска. Второ, тие имаат право на ВЕТО, односно кога одлучуваат за важна одлука за етникумите, се вели: мора да се постигне мнозинство од сите пратеници и мнозинство од малцинството, особено за многу важни уставни прашања како што се јазичните слободи, верските слободи. , употребата на верски и национални симболи итн. (Стефановска, 2018, 308-309).

Консоцијалните елементи може да се најдат и во локалната власт. Поточно, во општините каде што има најмалку десет проценти (10%) од жителите кои што припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во тие општини, потоа, местото потпретседател на општинското собрание за заедници ќе биде резервирано за претставник на овие заедници. (чл. 62).

Направен е чекор напред кон проширени сопствени општински надлежности Општина Северна Митровицаима одговорност за високото образование. Сите општини во кои Србите се мнозинство треба да имаат:

а. Овластувањето да биде одговорно за вршење работи од областа на културата или заштита и промоција на српското и другото верско и културно наследство во општината, како и поддршка на месните и верските заедници;

б. Поголеми права за учество во изборот и разрешувањето на командирите на полициските станици. Исто така, заедниците и нивните членови ќе имаат право на правична застапеност при вработувањето во јавните тела и претпријатијата во јавна сопственост на сите нивоа, вклучително и полициската служба во областите населени со соодветната Заедница. (чл. 61).

Во април 2013 година е потпишана Бриселската спогодба со цел да се нормализираат односите помеѓу Србија и Косово, што како главна последица би довело до заживување на евроинтеграциските процеси. Спогодбата е потпишана од страна на Србија и Косово, а медијатор (трет потписник) е Европската Унија.

Од целокупната спогодба најважни се параграфите 1-6 кои предвидуваат основање, делокруг и функции на планирана Заедница на српски општини, со што би се зголемило локалното одлучување или локалната автономија на локалните Срби (Срби се 3,5%, а Црногорци 1 % од целокупното население на Косово според последниот попис за Косово). Како бенефит за другата страна, Косово, од најголемо значење е параграфот 14, според кој е договорено дека ниту една страна нема да го блокира или да поттикне други да го блокираат напредокот на другата страна на нејзиниот пат кон ЕУ.

Но, поради практична непримена на договорените обврски,на крај од 2022 и почетокот на 2023 година е изготвен Француско-германскиот предлог за Косово, зад кого стојат ЕУ и САД, чија содржина е недостапна за јавноста, но е извесно дека сој содржи предлози за практична имплементација на Бриселската спогодба, и

во дадениов период се водат преговори помеѓу српската и косовската страна (Вучиќ и Курти), на притисок на ЕУ и САД. Наредната нивна средба е во Охрид октомври, 2023-11-28

Вучиќ, некогашен ултранационалист и близок сојузник на српскиот моќник Слободан Милошевиќ, стана проевропски либерал кој се надева дека ќе ја внесе Србија во ЕУ. Александар Вучиќ, по официјалната средба со Вес Мичел, помошник државен секретар на САД за европски и евроазиски прашања, рече дека „за нив најтешката пречка на европскиот пат е навистина ситуацијата околу Косово", па затоа решавањето на спорот со поранешната покраина е клучна за Европската унија. Албанија, Босна, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија се надеваат на влез во Европската унија, покрај евроскептизмот дома, покрај кризата во еврозоната. (Радио Слободна Европа, 2018)

## 5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Косово е земја во која меѓународната заедница не гледаше никаква можност да го задржи Косово во границите на Србија, во овај период на модерното време. Унитарната држава е невозможна за нациите со толку многу разлики кога тие треба заедно да одлучуваат за многу прашања како што се економијата, употребата на јазиците итн. Србите во Косово се помалку од 5% па затоа и федералната единица со толку мала димензија не може да биде функционална од животен аспект. Социолошки, овие две етнички заедници имаа различен пристап кон сите национални карактеристики како што се толкувањето на историјата, симболите, хероите.

Србија , поддржана од Русија , Кина, Грција, Шпанија , Кипар и некои други земји,жестоко се противеше за отцепувањето на Косово кое пак е поддржано од САД , повеќето земји од ЕУ и некои други земји во светот,па затоа, за да нема конфликти, со кои беше невозможно да се изнајде некоја заедничка формула за соживот, неопходно беше да се раздели политичката врска меѓу две држави. Со тоа се спречи насилството и се воведе стабилност и ефективност на сите општествени процеси во регионот , правејќи протекторат на Косово со цел ЕУ и НАТО од страна на нивните сопствени тела да го спречат насилството и да го воведат законодавство на ЕУ кое беше неопходно за последователна модернизација на Косово, зајакнување на позицијата на српското малцинство со консоцијална демократија, кое би имало посебна заштита и посебен статус или висок степен на почитување на човековите права што се гледа како посебен статус што им се дава на косовските општини со српско население кои имаат права и должности карактеристични за федерални единици или региони во некои други држави.

Ефектите од активностите на меѓународниот фактор се главно позитивни - се карактеризираат со завршување на непријателствата и враќање на етницитетите во нивните економски активности, како и секое друго нормализирање на нивните услови. Меѓутоа, странскиот фактор беше повеќе наменет за градење и стабилизирање на политичките институции, а помалку за обезбедување на ефективноста на политичкиот систем, што е нивна заложба во следниот период.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Andric, G. (2013), Serbia Pulls Plug on North Kosovo Assemblies. *Balkan Insight*. 11 September
http://www.balkaninsight.com/en/article/belgrade-dismantles-north-kosovo-assemblies

Barlovac, B. (2012), Dacic and Thaci Meet in Brussels, Make History. *Balkan Insight*. 19 October
http://www.balkaninsight.com/en/article/dacic-and-thaci-meet-in-brussels-make-history-0

.Barlovac, (B. 2013), Kosovo, Serbia Presidents Hail Outcome of Talks. *Balkan Insight*. 7 February
http://www.balkaninsight.com/en/article/kosovo-and-serbia-presidents-pledge-to-normalise-relations

Barlovac, (B. 2013) Kosovo and Serbia Reach Historic Deal in Brussels. *Balkan Insight*. 19 April
http://www.balkaninsight.com/en/article/kosovo-and-serbia-may-seal-eu-deal

BBC. (2013),Serbia and Kosovo reach EU-brokered landmark accord. Accessed April 19
https://www.bbc.co.uk/news/world-europe-22222624

BBC. (2008), UN seeks World Court Kosovo view. Accessed October 9
http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/7658103.stm

Bytyci, F. (2019), Serbia Must Accept Kosovo Independence to Join EU: German Foreign Minister. *Reuters*. 14 February
https://www.reuters.com/article/us-kosovo-germany-serbia/serbia-must-accept-kosovo-independence-to-join-eu-german-foreign-minister-idUSKCN1FY329

Constitution of the Republic of Kosovo, 15 June 2008

Deutschland. (2019), Serbia must accept Kosovo independence to join EU – Gabriel. Accessed February 16
https://www.deutschland.de/en/topic/politics/serbia-must-accept-kosovo-independence-to-join-eu-gabriel#

DW. (2008), Serbia Expels Macedonian, Montenegrin Envoys Over Kosovo. Accessed October https://www.dw.com/en/serbia-expels-macedonian-montenegrin-envoys-over-kosovo/a-3704625

G. Knaus, F. M. (2003), *Travails of the European Raj*, Journal of Democracy

Hajdari, U. (2015), Kosovo Plans to Join UNESCO by November. *Balkan Insight.* 17 July http://www.balkaninsight.com/en/article/kosovo-hopes-to-join-unesco-by-november

Herring, E. (2010), *From Rambouillet to the Kosovo Accords:NATO's War against Serbia and its Aftermath*, The International Journal of Human Rights, 4 (3-4), 224-245

Institute of History. (1993), *The Truth on Kosova.* Tirana: Academy of Sciences.

Jovanovic I.& Hajdari, U. (2015), Serbia Vows to Stop Kosovo Joining UNESCO. *Balkan Insight*. 27 July http://www.balkaninsight.com/en/article/serbia-opposes-kosovo-s-unesco-membership

Lijphart, A. (1969) Consociational Democracy. *World Politics* 21:207-225. Cambridge University Press.

Marti Ahtisari Plan. (2007), Letter dated 26 March 2007 from the Security-General addressed to the President of the Security Council.

Meares, R. (2008), Serbia Charges Kosovo Leaders with Treason. *Reuters*. 18 February https://www.reuters.com/article/us-kosovo-serbia-treason/serbia-charges-kosovo-leaders-with-treason-idUSHAM84253620080218

Nikolic, I. (2014), Serbian President Demands Kosovo Referendum. *Balkan Insight*. 29 December
http://www.balkaninsight.com/en/article/serbian-president-calls-for-kosovo-referendum

North Atlantic Treaty Organization. (2017), Relations with Serbia. Last updated December 11 https://www.nato.int/cps/ua/natohq/topics_50100.htm

Peci, E. (2013), Kosovo MPs Defy Protests to Ratify Serbia Deal. *Balkan Insight.* 28 June http://www.balkaninsight.com/en/article/kosovo-ratifies-eu-brokered-deal-with-serbia

Peci, E. (2013), "Serbia's Presevo Albanians Ask Pristina for Support". Balkan Insight. 17 May
http://www.balkaninsight.com/en/article/presevo-asks-pristina-for-support

Protest conveyed to France, Britain, Costa Rica, Australia, Albania,*The economic team for Kosovo and Metohija and the South of Serbia*, 20 February (2008) Wayback Machine (archive index)

Radio Free Europe. (2019), Serbia Silent About Recognition of Kosovo. Accessed February 15 https://www.rferl.org/a/serbia-must-recognize-kosovo-to-join-eu-german-foreign-minister-gabriel-says/29040748.html

Ristic, M. (2012), Serbia PM Pledges Kosovo Solution in 2013. *BalkanInsight*. 6 December
http://www.balkaninsight.com/en/article/solution-for-kosovo-in-2013-dacic-says

Stefanovska, E. (2019), *Ethnic Conflicts in the Western Balkans and the Role of EU, USA and NATO in Their Management*, Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development, Volume II, Faculty of Law Kichevo, St. Kliment Ohridski University Bitola, Bitola

The economic team for Kosovo and Metohija and the South of Serbia. 2008. "Protest conveyed to France, Britain, Costa Rica, Australia, Albania".*Wayback Machine.* 20 February https://web.archive.org/web/*/http:/www.ekonomskitim.sr.gov.yu/et.php?str=novost_detalji&jez=eng&nov=1852

UNMIK. (2017), Rule of Law Liaison Office. Last modified January 17 http://www.unmikonline.org/Pages/rollo.aspx, 2024

Vickers, M. (1998) *Between Serb and Albanians: A History of Kosovo.*New York:Columbia University Press.

Shiljegovic, B. i Todorovic, V. (1969), *Vojna Enciklopedia* Tom I.Beograd: Izdanje Redakcije Vojne Enciklopedije.

Shiljegovic, B. & Todorovic, V. (ured) (1970) *Vojna Enciklopedia* Tom IV. Beograd:Izdanje Redakcije Vojne Enciklopedija